Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр.УП 11-1932

10.08.2023 година

С к о п ј е

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено / Pranuar më: | 10.08.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera: |
| | 03-859/3 | | |

Врз основа на поднесено барање за потврдување на јавен интерес за дадена донација од Државен завод за ревизија, а во врска со член 21 став 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06,86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 )министерот за правда донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

Донација во финансиски средства во вредност од 100.000,00 денари на Црвен крст на Република Северна Македонија дадена од Државен завод за ревизија, **се потврдува како донација од јавен интерес во областа на социо – хуманитарната дејност.**

## О б р а з л о ж е н и е

До Министерството за правда согласно член 21 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности доставено е барање за издавање на решение со кое се бара потврдување на јавниот интерес на донацијата на Црвен крст на Република Северна Македонија дадена од Државен завод за ревизија.

Кон барањето е приложен договорот за донација склучен помеѓу Државен завод за ревизија, претставувано од главен државен ревизор Максим Ацевски, како дават ел и Црвен крст на Република Северна Македонија, претставувано од ген.секретар Саит Саити, како примател, чиј предмет на донирање се финансиски средства од 100.000,00 денари, наменети за справување со последиците од катастрофалните поплави и силното невреме што ја зафатија Словенија.

Предметниот договор е во согласност со членот 10 став 2 од законот, според кој "Предметот на донацијата и спонзорството мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата и спонзорството", како и членот 11 став 2 од законот според кој "Донација се дава на примателот на донацијата за имплементирање на јавен интерес од определена јавна дејност дефинирана во договорот за донација".

Министерството за правда согласно член 21 став 4 од законот, побара мислење од надлежниот орган-Министерство за труд и социјална политика, како основа за решавање по барањето.

Министерство за труд и социјална политика со мислење бр.10-5455/2 од 10.08.2023 година, смета дека дадената донација е од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

Со почит/ Me respekt,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА / MINISTËR I DREJTËSISË**

**Кренар Лога / Krenar Lloga**

Подготвил/ Përgatiti:Никола Бабановски, советник

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје-Shkup